# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА


Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

12 Јули 2010
Скопје
Број 7, година V
contact@kiselavoda.gov.mk


Скопје, Јули 2010 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/02) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за утврдување на Нацртот Детален урбанистички план населба Драчево МЗ 71 западен дел Б - блок 37 Општина Кисела Вода (опфат помеѓу ул. “Гандиева”, ул. “Ѓорѓи Војтех”, ул. “Румена Хаџипанзова” и ул. “Драчевска”)**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на Нацртот Детален урбанистички план населба Драчево МЗ 71 западен дел Б - блок 37 Општина Кисела Вода (опфат помеѓу ул. „Гандиева“, ул. „Ѓорѓи Војтех“, ул. „Румена Хаџипанзова“ и ул. „Драчевска“), донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 8 јули 2010 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 08-5788/1<br>12.07.2010 година<br>С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општина Кисела Вода<br>Марјан Ѓорчев с.р.

Врз основа на член 11, член 24 став 2 и член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - (Сл. Весник на РМ бр. 51/05, 137/07 и 91/09), Програма за измени и дополнувања на Програмата (Ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2009 година („Службен Гласник на општина Кисела Вода“ бр. 14/2009) и член 34 став 1 точка 6 од Статутот на општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 08/05 и „Службен гласник на Кисела Вода“ бр. 13/2003), Советот на општина Кисела Вода на Деветнаесеттата пленарна седница одржана 8 јули 2010 година, донесе

# О Д Л У К А

**за утврдување на Нацртот**
**Детален урбанистички план населба Драчево МЗ 71**
**западен дел Б - блок 37**
**Општина Кисела Вода**
**(опфат помеѓу ул. “Гандиева”, ул. “Ѓорѓи Војтех”, ул. “Румена Хаџипанзова” и ул. “Драчевска”)**

## Член 1

Со оваа Одлука се врши утврдување на Нацртот на Детален урбанистички план населба Драчево МЗ 71, западен дел Б - блок 37 Општина Кисела Вода.

## Член 2

Планскиот опфат третиран во овој ДУП, со својата местоположба припаѓа на Општина Кисела Вода.

Локалитетот е дефиниран со следните граници:
На север: Границата на планот се движи по осовината на ул. „Ѓорѓи Војтех“.
На исток: Границата на планот продолжува по осовината на ул. „Румена Хаџипанзова“.
На југ: Границата на планот продолжува по осовината на ул. „Драчевска“.
На запад: Границата на планот продолжува по осовината на ул. „Гандиева“.

Границата на горенаведениот плански опфат е дадена во графичките прилози, а вкупната површина на планскиот опфат изнесува 1.52 ха.

Според Генералниот урбанистички план на Град Скопје на просторот во границите на планскиот опфат Нацртот на Детален урбанистички план населба Драчево МЗ 71, западен дел Б - блок 37 се предвидува основна намена:

А1 - домување во станбени куќи
Д1 - зеленило - парковско зеленило

**Член 3**

Нацртот на Детален урбанистички план населба Драчево МЗ 71, западен дел Б - блок 37 содржи:

***I. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ***

***II. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА***

1. Вовед
2. Географско и геодетско одредување на подрачје на планскиот опфат
3. Историјат на планирање и уредување на подрачје на плански опфат
4. Податоци за природни чинители
5. Податоци за создадени вредности и чинители
   - 5.1 Намена на земјиште
   - 5.2 Сообраќајна поврзаност
   - 5.3 Комунална инфраструктура
6. Инвентаризација на изграден градежен фонд и инфраструктура
   - 6.1 Изграден градежен фонд
7. Анализа на документациона основа
8. Анализа на можностите за просторен развој
9. Извод од Генерален урбанистички план

***I. II . ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА***

1. Вид на план, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период
2. Географска и геодетска местоположба со граница на планскиот опфат
3. Опис и образложение на планскиот концепт
4. Опис и образложение на плански решенија за изградба
5. Инфраструктура
   - 5.1. Сообраќај
   - 5.2. Основни решенија на комуналната инфраструктура
   - 5.3. Електро-енергетика и ПТТ инсталации
   - 5.4. Хидротехничка инфраструктура
6. Економско образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализација на планските решенија
7. Културно наследство
8. Мерки за заштита
   - 8.1 Мерки за заштита на животна средина
   - 8.2 Мерки за заштита од пожар
   - 8.3 Мерки за заштита од природни непогоди
   - 8.4 Мерки за заштита од воени разурнувања
9. Нумерички дел
   - 9.1. Нумерички показатели
   - 9.3. Билансни показатели
10. Услови за изградба
    - 10.1.Општи услови за изградба
    - 10.2. Посебни услови за изградба

*II. ГРАФИЧКИ ДЕЛ*

*II. I. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА*

1. Извод од Просторен план на РМ......................................................................М=1:200000
2. Ажурирана геодетска подлога ........................................................................М=1:1000
3. Извод од постоечки ДУП..................................................................................М=1:1000
4. Инвентаризација и снимање на изграден градежен фонд и вкупна физичка супра-структура..................................................................................................................М=1:1000
5. Инвентаризација и снимање на изградена комунална инфраструктура....М=1:1000
6. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби........................М=1:1000

*II. II. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА*

*II. II. I. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НАСЕЛБА ДРАЧЕВО МЗ 71, ЗАПАДЕН ДЕЛ Б - ЗА БЛОК 37, ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА - СКОПЈЕ*

7. План на намена на земјиштето и градбите........................................М=1:1000
8. Регулационен план и план на површини за градење........................М=1:1000
9. Сообраќаен и нивелациски план........................................ ............М=1:1000
10. Инфраструктурен план.............................. ..................................М=1:1000
11. Синтезен план....................................................................................М=1:1000

**Член 4**

Се задолжува Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина да ја подготви постапката за спроведување за јавна презентација и јавна анкета.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Бр.07-5530/1
8 јули 2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Звонко Спасовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/02) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за задолжување кај Меѓународна банка за обнова и развој (Светска банка) преку проектот за подобрување на општинските услуги - потпроект за подобрување на перфомансите на општина Кисела Вода во делот на комуналните услугив - набавка на камион кипер и комбиниран камион кипер и комбиниран камион утоварувач (скип)**

1. Се објавува Одлуката за задолжување кај Меѓународна банка за обнова и развој (Светска банка) преку проектот за подобрување на општинските услуги - потпроект за подобрување на перфомансите на општина Кисела Вода во делот на комуналните услугив - набавка на камион кипер и комбиниран камион кипер и комбиниран камион утоварувач (скип), донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 8 јули 2010 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 08-5788/2
12.07.2010 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Марјан Ѓорчев с.р.

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04, 67/07 и 156/09), член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 4 од Законот за јавен долг („Сл. весник на РМ“ бр. 62/05 и 88/08), Советот на општина Кисела Вода на Деветнаесеттата пленарна седница одржана на 8 јули 2010 година, донесе

# О Д Л У К А

**за задолжување кај Меѓународна банка за обнова и развој (Светска банка) преку проектот за подобрување на општинските услуги - потпроект за подобрување на перфомансите на општина Кисела Вода во делот на комуналните услуги - набавка на камион кипер и комбиниран камион кипер и комбиниран камион утоварувач (скип)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за задолжување на Општина Кисела Вода кај Меѓ ународнатa Банка за Обнова и Развој (Светска Банка) преку Проектот за подобрување на општинските услуги,

**Член 2**

Се одобрува долгорочно задолжување на општина Кисела Вода за реализација на Проектот за подобрување на општинските услуги, - Потпроект за подобрување на перформансите на општина Кисела Вода во делот на комуналните услуги во вкупен износ од 7.650.000,00 (со букви: седум милиони и шестотини педесет илјади) денари под следните услови:

- Каматна стапка шест месечен ЛИБОР за евро валута со варијабилен распон
- Грејс период 3 години
- Рок на отплата 9 години

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 07-5530/3
8 јули 2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Звонко Спасовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/02) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за утврдување висината на надоместокот на трошоците за одобрување на локална урбанистичка планска документација**

1. Се објавува Одлуката за утврдување висината на надоместокот на трошоците за одобрување на локална урбанистичка планска документација, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 8 јули 2010 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 08-5788/3
12.07.2010 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Марјан Ѓорчев с.р.

Врз основа на член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06), а во врска со член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (,,Службен весник на РМ,, бр.51/2005), 137/2007 и 91/2009), Советот на Општина Кисела Вода на Деветнаесеттата пленарна седница, одржана на 8 јули 2010 година, донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување висината на надоместокот на трошоците за одобрување на локална урбанистичка планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот на трошоците за одобрување на локална урбанистичка планска документација од надлежност на Општина Кисела Вода.

**Член 2**

Надоместокот за административни трошоци на Општината за издавање на локална урбанистичка планска документација изнесува 6.000,00 денари.

**Член 3**

Надоместокот за административни трошоци на Општината за издавање на локална урбанистичка планска документација го плаќа подносителот на барањето при поднесување барање за одобрување на локална урбанистичка планска документација.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 07-5530/4
8 јули 2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Звонко Спасовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/02) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Програма за измени и дополнувања на Програмата (Ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2010 година**

1.Се објавува Програмата за измени и дополнувања на Програмата (Ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2010 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 8 јули 2010 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 08-5788/4
12.07.2010 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Марјан Ѓорчев с.р.

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07 и 91/09), член 22 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 34 став 1 точка 8 и точка 41 од Статутот на Општина Кисела („Службен весник на РМ" бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода на Деветнаесеттата пленарна седница, одржана на 8 јули 2010 година, донесе

# ПРОГРАМА

## за измени и дополнувања на Програмата (Ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2010 година

### Член 1

Со оваа Програма се вршат измени и дополнувања на Програмата (Ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2010 година во делот на Подпрограма (Ф10) - урбанистичко планирање.

### Член 2

Во Програмата (Ф) урбано планирање на општина Кисела Вода за 2010 година во делот Подпрограма (Ф10) - урбанистичко планирање во точка 3 став 3 - Трошоци за реализација на подпрограмата во делот образложение на подпрограмата, Измена и дополнување на урбанистички планови во фаза нацрт план - се вршат следните измени и дополнувања

- Измена и дополна на ДУП Црниче - 2, блок 18 и 19

### Член 3

Во Програмата (Ф) урбано планирање на општина Кисела Вода за 2010 година во делот Подпрограма (Ф10) - урбанистичко планирање во точка 3 став 7 - Трошоци за реализација на подпрограмата во делот образложение на подпрограмата, ДУП-ови финансирани од физички и правни лица - донации се вршат следните измени и дополнувања

- ДУП населба Драчево МЗ 71 - Западен дел А, блок 5 и 6
- ДУП населба Драчево МЗ 71 - Источен дел А, блок 14
- Измена и дополна на ДУП Расадник, блок 1,2,3 и 5
- ДУП МЗ „11 Октомври И" - 65 (тврда градба), блок 2
- Измена и дополна на ДУП Црниче - 2, блок 18 и 19
- ДУП населба Кисела Вода МЗ 70 - локалитет 3

**Член 4**

Измените и дополнувањата на Програмата (Ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2010 година во делот на Подпрограма (Ф10) - урбанистичко планирање влегуваат во сила со денот на донесувањето, а ќе се објават во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 07 - 5530/5
8 јули 2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Звонко Спасовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/02) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за формирање на Одбор за подигање на спомен обележја на територија на Општина Кисела Вода и именување на претседател и членови**

1. Се објавува Одлуката за формирање на Одбор за подигање на спомен обележја на територија на Општина Кисела Вода и именување на претседател и членови, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 8 јули 2010 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 08-5788/5
12.07.2010 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Марјан Ѓорчев с.р.

Врз основа на член 22, став 1 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), член 34, точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Град Скопје„ бр. 8/05 и „Службенн гласник на Општина Кисела Вода„ бр.13/06) и член 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 18 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја („Службен весник на РМ„ бр.66/04 и бр.89/08), Советот на Општина Кисела Вода на Деветнаесеттата пленарна седница одржана на 8 јули 2010 година, донесе

# О Д Л У К А

**за формирање на Одбор за подигање на спомен обележја на територија на Општина Кисела Вода и именување на претседател и членови**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Одбор за подигање на спомен обележја на територија на Општина Кисела Вода и именување на претседател и членови.

**Член 2**

Одборот го сочинуваат претседател и 8 члена, а се избираат од:

- Редот на членовите на Советот на Општина Кисела Вода
- Редот на архитекти, технолози, историчари, научници, културни и други поединци, во состав:

За претседател:

Душко Кадиевски

За членови:

Владимир Бошковски
Зоран Тодоровски
Љупчо Трајчев
Малиша Станковиќ
Зоран Цветковски
Гордана Андонова
Љупчо Трајковски
Зоран Ефремов

**Член 3**

Мандатот на претседателот и на членовите на Одборот трае до завршување на постапката за подигање на спомен - обележјата.

**Член 4**

Одборот за спроведување на постапката ги врши задолженијата согласно член 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 18 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја („Службен весник на РМ бр. 66/04).

**Член 5**

По донесената Одлука од Советот на Општина Кисела Вода, административните работи ги извршува општинаската администрација.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 07-5530/6
8 јули 2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Звонко Спасовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/02) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за подигање, чување, одржување и заштита на спомен-обележја на територијата на Општина Кисела Вода**

1. Се објавува Одлуката за подигање, чување, одржување и заштита на спомен-обележја на територијата на Општина Кисела Вода, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 8 јули 2010 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 08-5788/6
12.07.2010 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Марјан ѓорчев с.р.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02), член 34 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје, бр. 08/05 и ,,Сужбен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06) , член 8, 10, 16 и 18 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја (,,Службен веснск на РМ,, бр.66/04) а во врска со Одлуката за усвојување на Програмата за поставување на спомен облележја на територија на Општина Кисела Вода за период 2008-2012 (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, број 13/08) и Одлуките за дополнување на Програмата (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.08/09 и бр.06/10), Советот на Општина Кисела Вода на Деветнаесеттата пленарна седница, одржана на 8 јули 2010 година, донесе

# О Д Л У К А

## за подигање, чување, одржување и заштита на спомен-обележја на територијата на Општина Кисела Вода

### Член 1

Се донесува Одлука за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен-обележја на територијата на Општина Кисела Вода.

### Член 2

Со оваа Одлука се утврдува:

- Одговорно лице, односно тело одговорно за реализација на иницијативата за подигање;
- Правно лице што ќе управува и ќе се грижи за чување, одржување, заштита и користење;
- Потребни средства за реализација на иницијативата и извори на средства;
- Вид и содржина;
- Место каде ќе се подигне;
- Рок на подигање.

### Член 3

Оваа Одлука се донесува за следните спомен обележја:

- За паднатите борци бранители;
- За склуптура на Македонски војвода на коњ;
- За поставување плочи на домовите на паднатите борци-бранители;
- За поставување плоча на Павлевски Јане Блажо;
- Поставување плоча на Фредерик шопен;и
- За поставување на Биста на Фредерик шоп

**1. За паднатите борци - бранители загинати во 2001 година.**

1.1. Одговорно тело за реализација на иницијативата за подигање
- Одбор (1претседател + 8 членови) избрани со Одлука на Совет.

1.2. Правно лице што ќе управува и ќе се грижи за чување, одржување, заштита и користење
- Претседател на Совет на Месна заедница населба Драчево
(со решение од градоначалник согласно член 151 од Статутот на Општина Кисела Вода)

1.3 Потребни средства и извори на средства за реализација на иницијативата
- Од Општина Кисела Вода ќе бидат предвидени средтва во Буџетот за 2011 година

1.4. Вид и содржина
- Постамент од с.о. 3м висина од мермер
- Споменик од с.а. 3 м. висина од бронза

1.5. Место каде ќе се наоѓа
- Во населба Драчево во централен пакр (скица број 1)

1.6. Рок на подигање
- во 2011 година

Спомен обележјето ќе се постави по повод 10-годишнината од смртта на бранителите

**2. За фигура на незнаен македонски војвода на коњ**

2.1. Одговорно тело за реапизација на иницијативата за подигање
- Одбор (1 претседател + 8 членови) избрани со Одлука на Совет

2.2. Правно лице што ќе управува и ќе се грижи за чување, одржување, заштита и користење
- Претседател на Совет на УЗ ,,11 Октомври,, - тврда градба
(со решение од градоначалник согласно член 151 од Статутот на Општина Кисела Вода)

2.3. Потребни средства и извори на средства за реализација на иницијативата
- за скулптурата од Влада на РМ
- за постаментот од Општина Кисела Вода - с.а. 1.000.000,00 ден.

Овие средства ќе бидат застапни во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2011 година.
- За идден проект - с.а. 250.000 денари за 2010 година

2.4. Вид и содржина
- Фигура на незнаен македонски војвода на коњ од бронза со висина 5 м.
- постамент од мермер, со висина 3,5 м.

2.5. Место каде ќе се наоѓа
- на ротонда на ул. ,,Народни Херои,, и ,,Првомајска,, (скица број 2)

2.6. Рок на подигање
- до крај на 2011 година

**3. За плочи на домовите на паднатите бранители - 2001**

3.1. Одговорно тело за реализација на иницијативата за подигање
- Одбор (1 претседател + 8 членови) избрани со Одлука на Совет

3.2. Правно лице што ќе управува и ќе се грижи за чување, одржување, заштита и користење
- претседател на Совет на УЗ и МЗ (според адресите на загинатите бранители)
(со решение од градоначалник согласно член 151 од Статутот на Општина Кисела Вода)

3.3. Потребни и средства и извори на средства за реализација на иницијативата
- од Општина Кисела Вода
- за 1 плоча 20.000,00 денари со изработка, гравура и испишување на букви со монтажа на плочата
- 20.000,00 X 6 = 120.000,00 денари
- за бранителите:

*Бобан Трпков, ул. ,,Гутенбергова,, бр.14 н.Драчево
*Љубомир Акимовски, ул. ,,Румена Хаџи Панзова,, бр.1/1-12н. Драчево
*Теодор Стојановски, ул. ,,Студеничанска,, бр.58/а с. Драчево
*Александар Стојчев, ул. ,,Саса,, бр.14/9 Пинтија
*Драганчо Илиевски, ул. ,,Првомајска,, 8 број 20 н. 11 Октомври-бараки
*Игор Костески, ул. ,,Герника,, бр.40 н. Драчево

3.4. Вид и содржина
- метални плочи од месинг со гравура
- со димензии 0,25 м X 0,35 м.

3.5. Место каде ќе се наоѓа
- според адресите на живеење

3.6. Рок на подигање
- во 2011 година

Спомен обележјето ќе се постави по повод 10-годишнината од смртта на бранителите.

**4.За плоча на комитата Павлевски Јане Блажо**

4.1. Одговорно тело за реализација на иницијативата за подигање
- Одбор (1 претседател + 8 членови) избрани со Одлука на Совет

4.2. Правно лице што ќе управува и ќе се грижи за чување, одржување, заштита и користење
- претседател на Совет на МЗ с. Драчево
(со решение од градоначалник согласно член 151 од Статутот на Општина Кисела Вода)

4.3. Потребни средства и извори на средства за реализација на иницијативата
- обезбедени со донација на гарѓани од с. Драчево
- од Општина Кисела Вода
* за постаментот 300.000,00 ден.

4.4. Вид и содржина
- постамент со висина 0,75 м од мермер
- плоча со натпис на која треба да се изврши корекција на буквите и да стои натпис за комитата Блажо Павлевски со четата во вечен спомен од селаните на с. Драчево (со додавање на слика од комитата)

4.5. Место каде ќе се наоѓа
- средсело Драчево (скица број 4)

4.6. Рок на подигање
- до крај на 2010 година
- плочата ќе се постави во чест на 100-годишнината од загинувањето на комитата

### 5. Поставување на плакета на Фредерик Шопен

5.1. Одговорно тело за реализација на иницијативата за подигање
- Одбор ( 1 претседател + 8 членови) избрани со Одлука на Совет

5.2. Правно лице што ќе управува и ќе се грижи за чување, одржување, заштита и користење
- претседател на Совет на Урбана заедница Бирарија
(со решение од градоначалник согласно член 151 од Статутот на Општина Кисела Вода)

5.3. Потербни средстав и извори на средстав за реализација на иницијативата
- од Општина Кисела Вода за плакета од месинг с.а. 20.000,00 за изработка и испишување на букви и монтажа

5.4. Вид и содржина
- плакета изработена од месинг со димензии 0,50 м X 0,50 м во чест на Фредерик шопен

5.5. Место каде ќе се наоѓа
- на приватен објект со добиена согласност од сопственикот на ул. ,,Фредерик шопен,, (скица број 5)

5.6. Рок на подигање
- 2010 година

Спомен обележјето се поставува во чест на 200 години од раѓањето на великанот на музиката Фредерик шопен.

### 6. Поставување биста на Фредерик Шопен

6.1. Одговорно тело за реализација на иницијативата за подигање
- Одбор (1 претседател + 8 членвои) избрани со Одлука на Совет

6.2. Правно лице кое што ќе управува и ќе се грижи за чување, одржување, заштита и користење
- претседател на Совет на Урбана заедница 11 Октомври - тврда градба
(со Решение од градоначалник согласно член 151 од Статутот на Општина Кисела Вода)

6.3. Потребни средства и извори на средства за реализација на иницијативата
- Комбинирано:
*за постамент од Општина Кисела Вода 700.000,00 денари
*бистата на Фредерик шопен е донација на Амбасадата на Република Полска

6.4. Вид и содржина
- постамент од мермер со висина од 3,5 м
- биста на Фредерик шопен

6.5. Место каде ќе се наоѓа
- во Пакр на птиците кај ОУ Невена Георгиева Дуња (скица број 6)

6.6. Рок на подигање
- До крај на 2010 година

Спомен обележјето се поставува во чест на 200 години од раѓањето на великанот на музиката Фредерик шопен.

**Член 4**

За спроведување на постапката се грижи и е одговорен Одборот за подигање на спомен обележјата составен од 1 претседател и 8 членови избрани со Одлука на Совет.

**Член 5**

Одборот за спроведување на постапката ги врши задолженијата согласно член 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 18 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја (,,Службен весник на РМ,, бр.66/04).

**Член 6**

За средствата потребни за реализација на Одлуката, Секторот за финансии ќе изврши пренамена на средствата во Буџетот за 2010 година, а за 2011 година ќе се предвидат во Програмата за култура.

Вкупно потребни средства за 2010 година 1.270.000,00 денари.

**Член 7**

По донесената Одлука од Советот на Општина Кисела Вода, административните работи ги врши општинската администрација.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 07-5530/7
8 јули 2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Звонко Спасовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/02) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување Решение**
**за разрешување на член на Управниот одбор на**
**Јавното комунално претпријатие “Комуналец - Кисела Вода” Скопје**

1. Се објавува Решението за разрешување на член на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие „Комуналец - Кисела Вода“ Скопје, донесено на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 8 јули 2010 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 08-5788/7
12.07.2010 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Марјан Ѓорчев с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06 и 22/07) Советот на Општина Кисела Вода на Деветнаесеттата пленарна седница одржана на 8 јули 2010 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за разрешување на член на Управниот одбор на**
**Јавното комунално претпријатие “Комуналец - Кисела Вода” Скопје**

1. Николовски Кирју член во Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие „Комуналец - Кисела Вода“ Скопје, се разрешува.

2.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 07-5530/8
8 јули 2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Звонко Спасовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/02) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување Решение**
**за именување на член на Управниот одбор на**
**Јавното комунално претпријатие "Комуналец - Кисела Вода" Скопје**

1.Се објавува Решението за именување на член на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие „Комуналец - Кисела Вода" Скопје, донесено на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 8 јули 2010 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 08-5788/8
12.07.2010 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Марјан Ѓорчев с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06 и 22/07) и член 13 од Одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие „Комуналец - Кисела Вода“ Скопје („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 14/09 и 1/10), Советот на Општина Кисела Вода на Деветнаесеттата пленарна седница одржана на 8 јули 2010 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за именување на член на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие “Комуналец - Кисела Вода” Скопје

1. За член во Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие „Комуналец - Кисела Вода“ Скопје, се именува лицето Камчев Филип.

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 07-5530/9
8 јули 2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Звонко Спасовски с.р.

# С О Д Р Ж И Н А :

1. Одлука за утврдување на Нацртот Детален урбанистички план населба Драчево МЗ 71 западен дел Б - блок 37 Општина Кисела Вода (опфат помеѓу ул. ,,Герника,, ул. ,,ѓорѓи Војтех,,, ул. ,,Румена Хаџипанзова,, и ул. ,,Драчевска,,; ...................................................................4

2. Одлука за задолжување кај Меѓународна банка за обнова и развој (Светска банка) преку проектот за подобрување на општинските услуги; ...........................................................8

3. Одлука за утврдување висината на надоместокот на трошоците за одобрување на локална урбанистичка планска документација; ..........................................................................10

4. Програма за измени и дополнувања на Програмата (Ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2010 година; ...............................................................................................12

5. Одлука за формирање на Одбор за подигање на спомен-обележја на територија на Општина Кисела Вода и именување на претседател и членови; .............................................15

6. Одлука за подигање, чување, одржување и заштита на спомен-обележја на територијата на Општина Кисела Вода; ..................................................................................................18

7. Решение за разрешување на член на Управниот одбор на ЈКП ,,Комуналец-Кисела Вода,, Скопје; ...............................................................................................................................24

8. Решение за именување на член на Управниот одбор на ЈКП ,,Комуналец-Кисела Вода,, Скопје; ...............................................................................................................................25